| | |
|---|---|
| Предмет | **ФИЗИОТЕРАПИЈА КАЈ СПОРТИСТИ** |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт |
| Код: | СФ-323 |
| Студиска година | Трета |
| Семестар | Шести |
| Вкупно часови | 55 |
| Кредити | 2 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за запишување во трета година |
| Изведува: | Катедра по физикална медицина и рехабилитација |
| Одговорен наставник | Проф.д-р Ериета Николиќ-Димитрова , доц. д-р Игор Кафтанџиев |
| Адреса: | Завод за физикална медицина и рехабилитација, Елисие Поповски бр.28, 1000 Скопје, Тел. +389 2 3176 584, л.223,<br>e-mail: enikolic@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за физиотерапевти, професионални предмети, физиотерапија, спорт, професионални музичари, играчи |
| Учебни цели | Студентот се здобива со основни познавања од физиотерапевтските третмани што се применуваат при повреди на спортисти, професионални пренапрегња |
| Кратка содржина | **Теоретска настава (30 часа):**<br>✓ Основи на физиотерапијата и физиотерапевтските програми кај спортските и професионалните повреди<br>✓ Улогата на физиотерапевтот како дел од мултидисциплинарниот спортски медицински тим<br>✓ Фази во рехабилитацијата на спортските и професионални повреди (контрола на воспаление и болка, востановување на невромускулна контрола, движењ е, флексибилност, мускулна снага и отпорност, постурална стабилност, баланс и кардиоваскуларен капацитет)<br>✓ Рехабилитациони техники при спортските и професионални повреди<br>✓ Рехабилитациони техники за специфични (најчести) повреди<br>✓ Евалуација на рехабилитациониот програм<br>✓ Превенција на повреди во спортот<br>✓ Примена на ортопедски помагала во рехабилитацијата на спортисти по повреда<br>✓ Спорт и рекреативни активности кај лица со попреченост<br>**Пракса ( 40 часа)**<br>Праксата е задолжителна и се изведува во установи за рехабилитација под водство на ментор-професор и физиотерапевт одговорен за тој оддел. Студентот е должен да се вклучи во сите активности од подрачјето на физиотерапијата во текот на полно работно време, при што води дневник за своите активности. |
| Организација | **Теоретска настава:** 15 часа<br>**Пракса:** 40 часа |
| Методи на учење | Интерактивни предавања, пракса |

**Предвидени учебни резултати**

**Знаење и разбирање:**
Студентот ќе се стекне со знаењ е и разбирањ е за причините, последиците, лекувањ ето и превенцијата на најчестите здравствени проблеми што се сретнуваат кај спортиските
**Клучни вештини:**
Студентот ќе биде оспособен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаења

**Специфични препораки за настава**

**Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени е активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењ ето за да добие потпис.**

Бодирањ е на активностите на студентот:

| Вид на активност | Бодови |
|---|---|
| Теоретска настава* | 6-10 |
| Пракса** | 12-20 |
| Континуирана проверка -1 | 28-45 |
| Практичен испит | 14-25 |
| Вкупно: | 60-100 |

* присуство на теоретска настава:
51% - 60% - 6 бода;
61% - 70% - 7 бода;
71% - 80% - 8 бода;
81% - 90% - 9 бода;
91% -100% - 10 бода.

** практична настава (пракса)-40 часа:
Секој час пракса носи 0.5 бода (вкупно 20 бода)

- Присуство -0.25 бода
- Активност на вежба 0.25 бода

**Условувачки критериуми:** Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската настава за да пристапи на континуирана проверка. Проверката на знаењ а е писмена и се изведува по завршувањ ето на предавањ ата. Практичниот дел на испитот се изведува по завршувањ е на праксата и се состои во проверка на практичните знаењ а, оценка на дневникот што го води студентот и оценка на однесувањ ето и ангажманот на студентот. О ценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги и континуираните проверки и практичниот дел на испитот. Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од континуираната проверка и практичниот испит, во спротивно, се јавува на комплетен завршен испит.

**Комплетен завршен испит:** Испитот е писмен и/или практичен. Се состои од континуираната проверка и/или практичниот дел на испитот на коишто студентот не освоил минимум бодови.

**Учебни помагала**

**Основни:**
Авторизирани предавања од Катедрата.